# СООПШТЕНИЕ за запишување зимски семестар во учебната 2018/2019 година (за студенти од генерација 2017/2018 рок 1 и 2)

Објавено , 1.11.2018

## СООПШТЕНИЕ

### Запишување зимски семестар 2018/2019

### ВТОР циклус - постдипломски студии - генерација 2017/2018 рок 1 и 2

Доставување на комплетните документи за запишување на зимскиот семестар во учебната **2018/2019** година ќе се врши на шалтерите од Службата за студентски прашања од **12:30 до 14:30** часот, во периодот

**од 06.11 до 08.11.2018 година**

**Online пријавувањето е задолжително.** Во овој рок е отворено и задолжителното **online** пријавување кое се врши преку информацискиот систем на **www.iKnow.ukim.mk**

По овој рок online пријавувањето ќе биде оневозможено и студентите заверката и уписот на семестарот ќе можат да го извршат со молба и **надомест за административни трошоци од 500,00 ден.**

***НАПОМЕНА***: Студентите кои електронски ќе се пријават, а нема да достават комплетни документи во Службата за студентски прашања ќе бидат избришани и од електронската евиденција и уписот ќе можат да го извршат со молба и **надомест од 500,00 ден.**

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Потребни документи:**

1. Индекс
2. Образец за запишување семестар А3, со уплатница за административна такса од 50,00 денари (Уплатата за административна такса може да се реализира со уплатница или со СМС порака преку мобилен телефон, при што бројот добиен од СМС уплатата, студентот задолжително сам го внесува во iKnow системот.)
3. Уплатници со реализирана уплата на  рата на жиро-сметка на Факултетот.

## Дополнителни информации за студентите од првиот уписен рок

Неположените предмети од зимскиот семестар заклучно со септемврискиот испитен рок треба да се презапишат

1. **Студенти кои презапишуваат предмет/и (**односно заклучно со август/септем. испитен рок не ги положиле предметите од зимскиот семестар**):**

   Интерен пријавен лист за запишување предмети (испечатен од веќе направениот online избор).

   Уплатница на ФЕИТ (во вредност на кредитите што ги носат предметите 1кредит = 25ЕУР среден курс на НБМ)

2. **Студенти кои не преслушуваат предмети запишуваат празен семестар.**

Крајниот рок за пријавување на тема за магистерски труд е **јануари 2019** г. (изминати 3 семестри на студии). По овој рок се доплаќаат **500 ЕУР** при пријавување на тема. Услов за пријавување на магистерската тема се освоени **18 ЕКТС** кредити.

## Дополнителни информации за студентите од вториот уписен рок

Во зимскиот (десетти) семестар студентите ги запишуваат предметите: **Истражувачки проект, изборен предмет од Универзитетската листа на предмети и Магистерска работа**.

1. Предметот **Истражувачки проект** задолжително се запишува кај наставникот под чие менторство студентот ќе го работи магистерскиот труд.
2. Се препорачува студентите да избираат предмети од Универзитетската листа на изборни предмети од областа на претприемништво и иновации. Листата на препорачани предмети е дадена на веб страната http://www.feit.ukim.edu.mk/fakultet/studii/ii-tsiklus-maghistierski/novi-magistierski-studii-na-fieit/prieporachani-izborni-priedmieti-od-univierzitietskata-lista/prieporachani-izborni-priedmieti-od-univierzitietskata-lista-od-oblasta-na-prietpriiemnishtvo-i-inovatsii .

Студентите може да изберат било кој друг предмет со **најмалку 4 ЕКТС** кредити од Универзитетската листа на слободни предмети од веб страната http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=163&glavno=40.

**Ако студентот избере предмет со повеќе од 4 ЕКТС кредити, за запишаните дополнителни кредити се доплаќа сума со вредност од 25 евра по кредит (во денарска противвредност).**

Темата на магистерскиот труд пожелно е да се пријави во текот на зимскиот (десетти) семестар (до 1 февруари). Услов за пријавување на магистерската тема се освоени 18 ЕКТС кредити.

***НАПОМЕНИ:***

**1. За задоцнета заверка и упис на семестар студентите плаќаат по 500,00 денари административен трошок на факултетската жиро с-ка.**

Скопје, , 1.11.2018 година

Студентска служба при ФЕИТ